НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

последна промена во ноември 2019 година

**Ставови на Народната Банка на Република Северна Македонија во врска со одделни прашања поврзани со примената на Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи („Службен весник на РМ" бр. 83/2017 и 149/2018):**

**ново: Пополнување на табелите за движење на исправката на вредноста во финансиските извештаи за 2019 година**

<table>
<tr><th>тема:</th><th>Табела за движење на исправката на вредноста во рамки на белешките 18, 22.1, 22.2.А, 23.1, 23.2 и 25</th></tr>
<tr><td>датум на објавување на одговорот:</td><td>28.12.2018 година</td></tr>
<tr><td>прашање бр.:</td><td>1.</td></tr>
<tr><td>Прашање:</td><td>Ве молиме да дадете поконкретни насоки за пополнување на табелата за движење на исправката на вредноста во рамки на белешките 18, 22.1, 22.2.А, 23.1, 23.2 и 25.
<table>
<tr><th></th><th colspan="4">тековна година 2____</th><th colspan="4">претходна година 2_____</th></tr>
<tr><th>во илјади денари</th><th>Исправка на вредноста за Група 1</th><th>Исправка на вредноста за Група 2</th><th>Исправка на вредноста за Група 3</th><th>Вкупно исправка на вредноста</th><th>Исправка на вредноста за Група 1</th><th>Исправка на вредноста за Група 2</th><th>Исправка на вредноста за Група 3</th><th>Вкупно исправка на вредноста</th></tr>
<tr><td>Движење на исправката на вредноста</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Состојба на 1 јануари</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Исправка на вредноста за годината</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>дополнителна исправка на вредноста</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>(ослободување на исправката на вредноста)</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Трансфер во:</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>- исправка на вредноста за Група 1</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>- исправка на вредноста за Група 2</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>- исправка на вредноста за Група 3</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>(Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања)</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Ефект од курсни разлики</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>(Отпишани побарувања)</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Состојба на 31 декември</td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>
За пополнување на табелата погоре, потребно е да се прикаже дополнителната исправка на вредност, ослободувањето на исправката на вредноста и трансферите на исправката на вредноста од една во друга група на кредитен ризик.<br><br>Новата форма на табелата погоре подразбира прикажување на ефектот на дополнителна/ослободена исправка на вредноста на ниво на група на кредитен ризик. Оттука, во рамки на една сметка на исправка на вредноста, на месечна основа, може да се појави дополнителна исправка на вредноста и ослободување на исправката на вредноста.<br>Досегашниот начин на пополнување на табелите за движење на исправка на вредноста обезбедуваа усогласеност на прометот кој се книжи со налогот за резервации со износот на дополнителна и ослободена исправка на вредноста прикажан во белешките. Оттука, новиот начин на известување наметнува и нов начин на генерирање и книжење на налогот за резервации.</td></tr>
<tr><td>Одговор:</td><td>Напоменуваме дека согласно точка 1 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи („Службен весник на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Република Македонија" бр. 149/2018), банките треба во табелите за движење на исправката на вредноста во рамки на белешките 18, 22.1, 22.2.А, 23.1, 23.2 и 25, да ја пополнат само колоната „Вкупна исправка на вредноста" за тековната 2018 година, како и за претходната 2017 година. Притоа, за 2018 и 2017 година, во рамки на колоната „Вкупна исправка на вредноста", банката нема да ги пополнува ниту редовите кои се однесуваат на трансферите помеѓу групите на кредитен ризик.<br><br>За потребите на финансиските извештаи за идни периоди, при пополнување на податоците во табелите за движење на исправката на вредноста во рамки на белешките 18, 22.1, 22.2.А, 23.1, 23.2 и 25 од прилогот - Финансиски извештаи кон Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/2017 и 149/2018), со цел идентификување на основот по кој настанала промена (зголемување или намалување) во текот на известувачката година помеѓу почетната и крајната состојба на исправката на вредноста (податоците треба да се пополнети по одделна група на кредитен ризик), банката треба да ги применува следните насоки:<br>- при промена на групата на кредитен ризик (Група 1, 2, 3) банката ќе ја прикаже состојбата на исправка на вредноста којашто е префрлена/трансферирана од една во друга група на кредитен ризик со негативен предзнак, а истиот износ со позитивен предзнак ќе го прикаже во соодветниот ред за групата во којашто е префрлена/трансферирана исправката на вредноста;<br>- во редот „Исправка на вредност за годината/дополнителна исправка на вредноста" во рамки на соодветната колона за одделната група на кредитен ризик, банката ќе ги прикаже дополнителните износи издвоени поради зголемување на состојбата на исправката на вредноста, врз основа на: зголемување на исправката на вредноста во моментот на промена (влошување) на групата на кредитен ризик, зголемување на исправката на вредноста во рамки на истата група на кредитен ризик, и/или исправка на вредноста издвоена за ново-одобрените изложености;<br>- во редот „Исправка на вредност за годината/ослободување на исправката на вредноста" во рамки на соодветната колона за одделната група на кредитен ризик, банката ќе ги прикаже износите ослободени поради намалување на состојбата на исправката на вредноста, врз основа на: намалување на исправката на вредноста во моментот на промена (подобрување) на групата на кредитен ризик, намалување на исправката на вредноста во рамки на истата група на кредитен ризик, и/или намалување на исправката на вредноста поради наплата на изложеност;<br>- во соодветните редови од табелата, одделно ќе се прикажат промените во состојбата на исправката на вредноста, по одделна група на кредитен ризик, а кои произлегуваат од отпишани побарувања или намалување на изложеност на кредитен ризик преку преземање на средства врз основа на ненаплатени побарувања; како и промените во состојбата на исправката на вредноста за побарувањата во странска валута, а коишто се резултат на курсни разлики.<br><br>Банката треба да го уреди начинот на водење на помошната/аналитичка |

| | |
|---|---|
| | евиденција или податоци, на начин кој ќе и овозможи соодветно генерирање на потребните податоци за потребите на овие табели. |
| **тема:** | **Поврзување на групите на кредитен ризик (Група 1, 2, 3) и категориите на ризик од Одлуката за управување со кредитниот ризик** |
| датум на објавување на одговорот: | 28.12.2018 година |
| прашање бр.: | 2. |
| Прашање: | Временската неусогласеност на примената на Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките и белешките кон тие извештаи („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/2017 и 149/2018) и Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Македонија" бр. 149/18) наметнува потреба за мапирање на постоечките категории на ризик со групите 1, 2, 3.<br>Ве молиме за насоки за ваквото мапирање, за да се обезбеди унифициран пристап на ниво на банкарски систем. |
| Одговор: | За целите на финансиските извештаи, банката треба групите на кредитен ризик (Група 1, 2, 3) од Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (прилог кон истоимената одлука, „Службен весник на Република Македонија" бр. 83/17) и категориите на ризик од Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик, да ги поврзе и извести на следниот начин:<br>- во рамки на Група 1, изложеностите на кредитен ризик класифицирани во категорија на ризик „А";<br>- во рамки на Група 2, изложеностите на кредитен ризик класифицирани во категориите на ризик „Б" и „В", коишто немаат статус на нефункционална кредитна изложеност;<br>- во рамки на Група 3, изложеностите на кредитен ризик коишто имаат статус на нефункционална кредитна изложеност. |
| **тема:** | **Пополнување на табелите за движење на исправката на вредноста во финансиските извештаи за 2019 година** |
| датум на објавување на одговорот: | 1.11.2019 година |
| прашање бр.: | 1. |
| Прашање: | Во рамки на белешките 18, 22.1, 22.2.А, 23.1, 23.2 и 25 од финансиските извештаи предвидено е известување за движењето на исправката на вредноста според групи и трансфер помеѓу групите. Со оглед дека Одлуката за управување со кредитниот ризик започна да се применува од 1 јули 2019 година, ве молиме за насоки што треба да се прикаже како почетна состојба, каде ќе се прикаже дополнителната или ослободувањето на исправката на вредноста од преминот кон новата методологија, од кој период треба да се прикажат трансферите помеѓу групите? |
| Одговор: | Во годишните финансиски извештаи на банката за 2019 година, при пополнување на табелите за движење на исправката на вредноста во рамки на белешките 18, 22.1, 22.2А, 23.1, 23.2 и 25, за 2019 година, во делот за тековна година, банките треба да ја пополнат само колоната „Вкупна исправка на вредноста". Во финансиските извештаи за 2020 година, во овие табели во |

| | |
|---|---|
| | делот за претходна година (2019 година), банките треба да ја пополнат само колоната „Вкупна исправка на вредноста“. |